Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr 09-6084/2
05.08.2019
Скопје - Shkup

Друштво за градежништво и трговија МОДИНГ
Shoqëria për ndërtim dhe tregti MODING
ДООЕЛ експорт-импорт SHPKNJP export-import
Бр.-Nr. 0307-15/01-02/2019
5.8. 2019 год.-viti
Тетово - Tetovë



# АНЕКС ДОГОВОР ЗА ВИШОЦИ НА РАБОТИ

**за изградба на Студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово**
**(вишоци на работи од прва заклучно со седма времена ситуација)**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**, ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје, Република Македонија, застапувано од министерот за образование и наука Арбер Адеми (во понатамошниот текст „Нарачувач”) од една страна, и

**ДГТ МОДИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово,** Бул. „Илинденска“ бб Тетово, застапувано од управителот Салим Хасани (во понатамошниот текст „Изведувач”) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Анекс Договор за вишоци на работи (вишоци на работи од прва заклучно со седма времена ситуација), настанати при реализација на Договорот за изградба на Студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово, заведен со архивски број 19-4433/37 од 22.09.2016 година и архивски број на Изведувачот 0307-03/01-06/2016 од 26.09.2016 година, Анекс 1 на основниот договор заведен со архивски број 10-10589/5 од 25.09.2018 година и архивски број на изведувачот 0307-18/01-03/2018 од 26.09.2018 година и Анекс 2 на основниот договор заведен со архивски број 09-6084/1 од 28.05.2019 година и архивски број на изведувачот 0307-14/01-01/2019 од 28.05.2019 година.

Овој Анекс Договор за вишоци на работи (од прва заклучно со седма времена ситуација) се склучува согласно член 41 од основниот Договор, заради регулирање на вишоците на работи кои се појавиле во текот на реализација на основниот Договор, потврдени во Прегледот на вишоци од Изведувачот, потврдени со печат и потпис од Надзорен орган бр. 03-1297 од 24.07.2019 година и наш арх. бр. 09-8338/1 од 24.07.2019 година.

**Член 2**

Со овој Договор, се утврдува висината на трошоците кои Нарачувачот ги исплаќа на Изведувачот за настанатите вишоци на работа при изведување на предметот на основниот Договор, а кои се евидентирани во градежни книги од прва заклучно со седма времена времена ситуација.

Изведувачот, вишоците на работа ги извел во тек на реализација на работите, вишокот на количини се евидентирани во градежни книги прилог кон ситуациите од прва заклучно со седма времена ситуација, а вишоците согласно единечните цени од конечната понуда се во вредност од 9.707.058,00 (девет милиони седумстотиниседум илјади педесетиосум) денари.

Вкупната вредноста на ДДВ за овој износ изнесува 1.747.270,00 (еден милион седустотиничетириесетиседум илјади двестаиседумдесет) денари.

Вкупниот износ вишоците на работа од прва заклучно со седма времена ситуација со вклучен ДДВ изнесува 11.454.328,00 (единаесетмилиони четиристотинипедесетичетири илјади тристадваесетиосум) денари.

**Член 3**

Плаќањето на работите од член 2 на овој Анекс Договор, ќе се врши по доставена времена ситуација за вишоци потпишана и заверена од Изведувачот и Надзорниот орган, пропратена со градежен дневник, градежна книга и извешај од Надзорен орган кои се потврдени од страна на преставник на Нарачателот.

**Член 4**

Овој Анекс Договор за вишоци на работи (вишоци на работи од прва заклучно со седма времена ситуација), влегува во сила со денот на потпишувањето и заверувањето од двете договорни страни.

**Член 5**

Овој Анекс Договор за вишоци на работи, е составен во 6 (шест) примероци, од кои 2 (два) примерока за Изведувачот и 4 (четири) примерока за Нарачателот.

| | |
|---|---|
| НАРАЧУВАЧ,<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА<br>ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | ИЗВЕДУВАЧ,<br>МОДИНГ ДООЕЛ<br>**Тетово** |
| МИНИСТЕР,<br>Dr. Arbër Ademi<br>____________________ | УПРАВИТЕЛ,<br>Салим Хасани<br>____________________ |

Изготвил: Горан Тодороски
Проверил: Милка Масникоса
Согласен: Ѓулија Заири
Согласен: Наташа Хаџи Лега